МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 2 точка 1, а во врска со член 408 став 1 точка 11 и член 480 од Законот за трговските друштва, член 163 од Законот за супервизија на осигурување, член 20 и член 50 од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), акционерите на Друштвото на Годишното собрание за деловната 2023 година одржано на ден на 31.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи, годишната сметка, годишниот извештај за работење и извештајот на овластениот надворешен ревизор за извршената ревизија за деловната 2023 година**

1. Се усвојуваат Финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2023 година, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење од страна на овластениот надворешен ревизор и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
2. Се усвојува Годишната сметка на Друштвото за деловната 2023 година за која е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, и се утврдува дека на основа на Билансот на сеопфатна добивка во деловната 2023 година се остварени следните финансиски резултати:

| | МКД |
|---|---|
| вкупно приходи | 1.015.087.120 |
| вкупно расходи | 971.110.690 |
| добивка пред оданчување | 43.976.430 |

3. По пресметаниот данок на добивка за деловната 2023 година, утврдено е:

| | МКД |
|---|---|
| данок на добивка | 6.869.963 |
| добивка по одначување | 37.106.467 |

4. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2023 година, со вклучени актуарски извештај и актуарска потврда изготвени од страна на овластениот актуар на Друштвото, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, во текст и содржина, кои се составен дел на оваа Одлука.
5. Се усвојува Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2023 година од овластениот надворешен ревизор КПМГ Ревизија ДОО Скопје, за кој е добиено позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
6. Годишниот извештај од став 4, Актуарскиот извештај и потврда од став 4, како и Извештајот за извршената ревизија и финансиските извештаи за деловната 2023 година од став 5 на оваа Одлука, преставуваат составен дел на оваа Одлука.
7. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

_________________________

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА